Општина Дебар се карактеризира со автентичен развој на граѓанскиот сектор со **повремени остварени соработки со организации и институции од околните општини Центар Жупа и Маврово и Ростуша**. За време на Мобилен ресурсен центар во Дебар, претставниците на 10 граѓански организации дискутираа за нивните предизвици, интереси и идеи. Настанот се одржа на 21 мај во соработка со [Центарот за одржлив развој на заедницата (ЦОРЗ) Дебар].



Структурата на населението, сочинето од неколку етнички групи, во прв план ги става **акциите за подобрување на меѓуетничкиот дијалог**. Иако повремените акции на локалните здруженија се недоволни да се зајакне нивното влијание во заедницата, тие **сепак бележат успех во зачувувањето на животната средина преку акцијата „Да ги зачуваме балканските реки – Стоп за напливот на хидроцентрали!“**.

Здруженијата од Дебар истакнаа дека **најголем предизвик е одржливоста и одливот на кадарот од организациите**, а додадоа и дека **имаат проблем со простории и опрема** за непречено работење.

Меѓусебната соработка е на задоволително ниво, но сметаат дека **имаат потреба од работилници на кои, заедно со општината** ќе ги детектираат приоритетите и на тој начин ќе се вклучат во нејзиниот развој.

Беа истакнати и предностите на **соработка со локалните медиуми како и можностите за прекугранична соработка** земајќи ја предвид поволната позиција на општината и близината со Република Албанија. Потребни се и акции за вклучување на организации кои застапуваат интереси на лица со попреченост. Иако веќе се преземени активности за јакнење на женското лоби, потребна е континуирана поддршка на овие здруженија.



Покрај средбата со локалните граѓански организации, тимот на ГРЦ имаше **состанок и со градоначалникот на Општина Дебар,  Хекуран Дука**
,
како и со дел од општинската администрација. Тие беа информирани за работата на Ресурсниот центар во Гостивар и за заклучоците од средбата со локалните граѓанските организации. Градоначалникот истакна дека
**општината е отворена за соработка со граѓанските организации**
.

Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа плус од Штип.